**Димитар Богов**

## Да се удри машки

Веднаш по терористичките напади од 11 септември во Њујорк, најголемите светски авио компании започнаа со намалувањето на персоналот прилагодувајќи се на очекуваниот пад на побарувачката за нивните услуги. На тој потег на авиокомпаниите реагираа производителите на авиони, кои проценија дека во новонастанатите услови побарувачката на авиони ќе оди надолу, поради што направија планови за редукција на работната сила и трошоците на работење. Наскоро, овој процес се прошири и на другите индустрии, па во наредните два месеци секојдневно можевме да слушнеме на Си Ен Ен која компанија колку работници планира да отпушти. На крај, кругот се затвори со банките кои гледајќи дека нивните клиенти го намалуваат обемот на своите активности, заклучија дека настапува период на намалена побарувачка за финансиски услуги. Нормално, и тие ги редуцираа своите трошоци за работна сила. Очигледно, најразвиените светски економии влегоа во рецесија.

Така функционираат нормалните економии. Компаниите ги слушаат сигналите од пазарот и веднаш штом се променат пазарните услови тие започнуваат да се преструктуираат. Со тоа, тие веднаш се подготвуваат за успешно работење во услови на рецесија. Оние кои нема да го сторат тоа, набрзо банкротираат и се отстрануваат од економијата. Остануваат во игра здравите компании кои се подготвени позитивно да одговорат на првите импулси од тековната економска политика и набрзо економската активност повторно расте.

*А, вака е во македонската економија*

По февруарските терористички напади во Македонија, земјата западна во безбедносна криза поради што значително се намали домашната и екстерната побарувачка за македонски стоки. Како последица на тоа, во наредните седум месеци дојде до голем пад на економската активност. Најголем дел од македонските компании воопшто не реагираа на новите услови. Тие не преземаа мерки за редуцирање на трошоците на работење. Нивниот одговор на рецесијата беше стихиен. Тие, едноставно престанаа да ги плаќаат своите обврски кон работниците, добавувачите, банките и државата. Во некоја друга економија тоа би значело банкрот на компанијата. Но, не и во Македонија.

Веќе десет години во Македонија се случува нешто друго. По преминот кон пазарна економија многу македонски компании западнаа во проблеми стекнувајќи големи загуби. Пред тогашните политичари стоеше избор од две можности: (1) да се преземат сериозни мерки на преструктуирање кои би вклучиле отпуштање на менаџери, редукција на работната сила, ликвидирање на компании, или (2) да им се овозможи на проблематичните компании да опстанат со неплаќање на своите обврски и добивање на политички кредити. Првата можност значеше да се осуди дел од населението на мизерија и безперспективност, но да се создадат услови за економско заздравување на среден рок. Втората можност,

значеше бавно пропаѓање на целата економија и долгорочна безперспективност за целата земја. За жал, кратковидите “хуманисти” го одбраа второто решение.

Резултатот е познат. Неликвидноста и неплаќањето на долговите започнаа да се пренесуваат и врз дотогаш добрите компании. Банките акумулираа ненаплативи кредити, а каматите останаа високи во целиот период. Иако, во 1995 година беше извршена рехабилитација на банкарскиот сектор при што лошите пласмани на старите банки беа преземени од Агенцијата за санација на банките, после само три години портфолијата на банките беа повторно полни со ненаплативи кредити. При продажбата на Стопанска банка во 1999 година, повеќе од 100 милиони ДМ лоши пласмани мораа по втор пат да бидат пренесени на товар на даночните обврзници. Нерешавањето на проблемите со загубарите и политизацијата на банките доведоа до акумулирање на проблемите во македонската економија. Бројот на загубарите се зголемуваше, а ненаплатените достасани побарувања во македонската економија надминаа една милијарда ДМ. А работниците во чие име сето тоа беше направено, со години одат на работа во клинички мртвите компании, а за тоа ниту добиваат плата, ниту им се плаќаат социјалните придонеси. Да ги отпуштеа пред пет, седум или осум години, многу од нив досега ќе си го најдеа чарето. Во најмала рака, барем тие што ќе останеа на работа ќе имаа редовна плата, а нивните компании ќе се стабилизираа, ќе произведуваа, ќе инвестираа, ќе отвораа нови работни места.

После десет години транзиција македонската економија се наоѓа во поголеми проблеми отколку на почетокот. Додека повеќето транзициони економии веднаш започнаа со преструктуирање на секторот на претпријатија, во Македонија тоа постојано се одложуваше поради недостиг од политичка волја. Затоа, денес пред македонските политичари стојат истите проблеми како и на почетокот на транзицијата но во поостра форма. Претстои решавањето на судбината на голем број загубари од што зависи дали земјата конечно ќе тргне по патот на развојот или уште десет години ќе тапка во место. Во наредната изборна година, македонската влада повторно се наоѓа пред дилема. Да се повтори кукавичлукот и лицемерието на нејзините претходнички од средината на деведесетите години и да се прекине процесот на решавање на загубарите кој е започнат во последните две години. Или, да се продолжи бескомпромисно и брзо да се продаваат или затвораат загубарите без оглед што тоа на краток рок ќе ги зголеми социјалните притисоци и ќе ја намали популарноста на владата. Но тоа, истовремено ќе создаде услови за генерирање на долгорочен раст во македонската економија.

Едноставно кажано, изборот на првото решение на краток рок ќе донесе уште десетина илјади формално вработени кои нема да добиваат плата, ниту ќе им се плаќаат социјалните придонеси, и уште стотина илјади вработени со слична судбина на долг рок. Второто решение ќе значи десетина илјади нови невработени на краток рок, и отворање на патот за стотина илјади нови работни места на долг рок.